# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2020година

Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2020 година беше донесен од страна на Советот на ЕЛС Радовиш , на 30.12.2019 година под број 08-1791/2 и Одлука за извршување на буџетот за 2020 година под број 08-1971/1. Истиот беше подготвен согласно важечките законски прописи, односно согласно **Законот за Локална самоуправа**(Сл.весник на РМ бр.5/2002год) **Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа** (Сл. весник на Р.М 61/2004,96/2004, 67/2007 156/09 , 47/11 , 192/15 и 209/18 година), **Законот за Буџетите** (Сл. Весник на РМ бр.64/2005,4/2008 , 103/2008,156/09 , 95/10 , 180/11, 171/12,192/15 и 167/16 година), и **Буџетскиот циркулар-насоки** за изготвување на буџетите на ЕЛС за 2020 година добиени од страна на Министерството за финансии (под број 08-8246/1 од 30.09.2019 година), како и добиените Прегледи за проценети приходи од наменски-блок дотации по одделни корисници за 2020 година, под број 08-8246/2 од 13.12..2019 година.

При подготовката на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2020 година,беа земени во предвид поставените стратешки цели и приоритети на општината за 2020 година како и економската политика на Владата на Р.М за среднорочниот период со следните приоритети:
-зголемување на економскиот раст и конкурентност на економијата на трајна основа,
-зголемување на вработеноста,подобрување на животниот стандард и квалитетот на животот на населението,
-интеграција во ЕУ и НАТО,
-продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото,
-одржување на добри меѓуетнички односи и соживот,
-инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавањена силни индивидуи и силна држава.

Согласно член 2 ,точка 8 од Законот за Буџетите ("сл.Весник на РМ бр. 64/05,4/08,103/08,156/09,95/10и 180/11,192/15 и 167/16 ) буџетот на единицата на локална самоуправа претставува годишен план на приходи,други приливи и одобрени средства и ги вклучува: основниот буџет,буџетот на дотации,буџетот на донации и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на единицата на локална самоуправа содржи : општ ,посебен и развоен дел.

Општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година,како и глобалните проекции на приходите,приливите,расходите и одливите за наредните две години,(вклучувајки го и планираниот дефицит).

Посебниот дел содржи план на одобрени средства по програми,потпрограми и ставки за фискалната година

Развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти.Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината.

Буџетот на општината ги вклучува сите приходи утврдени во член:4,5,6,7,8 и 9 од Законот за финансирање на ЕЛС (Службен весник на Р.М бр.61/2004 , 96/2004,67/2007,156/2009,47/2011,192/2015 и 209/2018 година) и тоа:

- Локални даноци

-Данок на имот
-Данок на наследство и подарок
-Данок на промет на недвижности

Локални такси
-Комунални такси
-Административни такси

Локални надоместоци
-Надоместок за градежно земјиште
-Надоместок за просторни и урбанистички планови

Сопствени приходи
-Приходи од закуп
-Приходи од продажба на имот

Приходи од донации во стока или пари

Приходи од самопридонес

Приходи од Персонален данок на доход
-3% персонален данок од лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано место за живеење и престојување
-100% Персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност,во општина на чие подрачје се регистрирани за вршење дејност.

Дотации
-Приходи од ДДВ
-Наменски дотации
-Капитални дотации

Истиот за 2020 година беше изготвен по програми за одредени области кои ги усвојува Советот на општината односно Буџетот за 2020 година се состоеше од 18 (осумнаесет) програми и 23 (дваесет и три) потпрограми.

Со оглед на тоа дека планираните приходи и расходи на буџетот на општината во текот на фискалната 2020 година не се остваруваа во обем и динамика според планот а согласно одредбите од Законот за буџетите (Сл. Весник на Р.М 64/2005,4/2008 и 103/2008,156/09 и 95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16 година) член 36 точка 4 ,Советот на општината на предлог од Градоначалникот донесе измени и дополнувања- еден ребаланса на буџетот за 2020година.

**2.1. Приходи на општината**

Така после сите измени и дополнувања на Буџетот на општината за 2020 година,вкупните приходи се планирани на износ од 690.806.545 денари а се реализираа во износ од 447.067.621 денари или 64.72 % (2019 год-63.36%) ,истиот се изврши по програми и потпрограми на вкупен износ од 411.008.586 денари и тоа:

| | Реализација- 2019 г. | Реализација- 2020 г. |
|---|---|---|
| А0 Совет на општината | 5.121.199 ден. | 5.233.172 ден. |
| А1 Изборни активности и референдуми | 153.495 ден. | - |
| А3 Подмирување на доспеани а неплатени Обврски | 1.167.287 ден. | - |
| Д0 Градоначалник | 1.293.392 ден. | 1.259.626 ден. |
| Е0 Општинска администрација | 55.578.849 ден. | 57.122.738 ден. |
| ЕА Капитални трош. на Општината | 1.407.500 ден. | 749.388 ден. |
| Ф1 Урбанистичко планирање | - | 635.346ден. |
| Г1 Поддршка на Лок. ек. развој | 9.584.554 ден. | 13.300.970 ден. |
| ГД Проекти за енергетска ефикасност | 2.805.451 ден. | 6.976.440 ден. |
| Ј3 Јавно осветлување | 9.419.262 ден. | 8.686.268 ден. |
| Ј4 Јавна чистота | 1.068.035 ден. | 2.063.393 ден. |
| Ј6 Одржување и заштита на локални патишта и улици | 1.224.627 ден. | 693.695 ден. |
| Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило | 2.853.202 ден | 3.687.615 ден. |
| ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 66.812.592 ден. | 68.764.529 ден. |
| ЈДА Изградба на локален пат с.Калугерица- с.Подареш | 9.121.021 ден. | - |
| К1 Култура- Библиотека | 3.050.145 ден. | 3.767.607 ден. |
| К2 Култура | 8.210.946 ден. | 2.636.389 ден. |
| К4 Културни манифестации и творештво | 2.180.777 ден. | 813.334 ден. |
| КА0 Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) | - | 37.838 ден. |
| Л0 Спорт и рекреација | 13.325.000 ден. | 10.935.000 ден. |
| В1 Детски градинки | 39.024.226 ден. | 32.667.922 ден. |
| Н1 Образование | 137.259.644 ден. | 142.878.575 ден. |
| НА0 Капитални расходи за основно образование | - | 13.500 ден. |
| Н2 Образование | 40.813.986 ден. | 38.106.640 ден. |
| ВА0Капитални расходи за детски градинки | - | 73.796 ден. |
| Љ0 Заштита и спасување | 478.804 ден. | - |
| Њ0 Противпожарна заштита | 6.303.845 ден. | 5.243.742 ден. |
| **ВКУП Н О** | 418.257.839 ден. | 411.008.586 ден. |

-

Во Програма А0,Д0,Е0,Ф1,Г1,Ј3,Ј4,Ј6,Ј7,К1,К2, К4,Л0,В1,Н1,Н2 и Њ0 се содржани средствата за тековно -оперативни потреби на Советот на општината, Градоначалникот, Општинската администрација и Јавните установи од областа на образованието, културата, социјалната заштита и противпожарна заштита како и превозот на учениците од основното и средно образование.

Во дел од Програмите ЕА, ЈД0,ЈДА, К1,К2,Н1,В1 и Н2 се содржани средствата и за капитални расходи на општина Радовиш.

Во Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2020 година за финансирање на сите програми се планираше да се остварат приходи во вкупен износ од 690.806.545 денари и тоа: од даночни приходи 66.800.000 денари, од неданочни приходи 19.527.000 денари,од капитални приходи 99.656.988 денари,од дотации 312.088.784 денари од трансфери 167.465.307 денари ,од самофинансирацки активности 2.544.880 денари од донации 22.723.586 денари.

Вкупните планирани средства во Буџетот на општина Радовиш, во текот на 2020 година се оствария во вкупен износ од 447.067.621 денари .

Основен буџет сметка 63018 во текот на 2020година е остварен во вкупен износ од 176.282.876 денари. Заедно со пренесените средства од 2019 година во износ од 33.664.414 денари. За покривање на вкупните расходи од 176.282.876 денари се искористени 33.664.414 денари средства- депозити (вишоци-741114) од претходни години.. Приходите се остварени од следните извори:

| | 2019 година | 2020 година |
|---|---|---|
| -од даночни приходи | 42.406.277 ден. | 45.331.076 ден. |
| -од неданочни приходи | 2.818.677 ден. | 5.948.177 ден. |
| -од капитални приходи | 66.805.988 ден. | 48.277.735 ден. |
| -Трансфери и донации | 68.757.366 ден. | 76.725.888 ден. |
| ВКУПНО: | 180.788.308 ден. | 176.282.876 ден. |

Имајки ги во предвид остварените приходи-142.618.462 денари во 2020 година како и пренесените вишоци 93.596.625 ден од с/ка -63018 од претходната година,намалени за извршените расходи во тековната година-176.282.876 денари се добиваат неизвршени средства во износ од 59.932.211 денари,кој се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

Буџетот на наменските донации сметка 93010, во извештајната 2020 година е остварен во вкупен износ од 254.808.937 денари , притоа треба да се спомне и делот на непотрошените средства од претходната 2019 година 57.938.832 денари и извршените расходи 218.749.902 денари во тековната 2020 година за да се утврди салдото на непотрошени средства од 93.997.867 денари кои се прилив за наредната 2021 година и можат да се користат за покривање на дефицитот доколку се појави во текот на 2021 година.

Буџетот на самофинансирачките активности кај јавните установи, сметка 787 во текот на 2020 година е остварен во вкупен износ од 4.253.395 денари (кои средства се остварени -од такси ,надоместоци и други неданочни приходи)односно 4.338.305 заедно со искористени 84.910 од вишоците од 2019 година. Имајки ги во предвид вкупно пренесените средства од претходната 2019 година, 4.887.090 денари и вкупно извршените расходи-4.338.305 денари во 2020

година, останиваат непотрошени-4.802.180 денари кои ќе се пренесат за 2021 година како депозит- прилив на средства за трошење.

Буџетот на донации на општина Радовиш сметка 785 во текот на 2020 година има остварено средства во износ од 11.637.503 денари. Заедно со 219.326 денари од пренесено салдо од 2019 година ги покриваат извршените расходи во износ од 11.637.503 денари за тековната година.Остатокот на средства од 131.546 денари се пренесува во 2021 година и може да се искористи за покривање на дефицитот на средства доколку се појави во 2021година.

Од напред изнесеното можеме да утврдиме дека, на 31.12.2020од. остануваат непотрошени 158.863.804 денари,кои се пренесуваат за 2021 година.Значи вкупните планирани приходи во Буџетот на општина Радовиш за 2020 година во износ од 690.806.545 денари се оствариja 447.067.621 денари односно 64.72% во однос на планот.

Доколку го анализираме остварувањето само на основниот буџет, сметка 63018 можеме да констатираме дека годишниот план 338.392.295 денари е остварен во износ од 176.282.876 денари,односно 52.09% односно 42.15% доколку ги минусираме искористените депозити од 33.664.414 денари,од остварениот вкупен износ.

Од персоналниот данок од доход како на платите на буџетските корисници така и на платите во јавните претпријатија, јавните трговски друштва се остварени 3.940.351 денари или 98.51% од планираниот износ.

Даноците на имот се остварени во вкупен износ од 17.704.206 денари или 67.96% од годишниот план.

Најголемо учество во остварените даночни приходи имаат приходите остварени од даноците на специфични услуги (комунални такси и надоместоци), кои се остварени во вкупен износ од 23.683.444 денари односно 64.78% од планираните за 2020 година.

Во остварениот вкупен износ 23.683.444 денари, најголемо учество имаат приходите остварени од К.Т. за користење и одржување на јавно осветление-18.257.348 денари, од надоместокот за уредување на градежно земјиште се остварени 2.477.450 денари од планирани 8.000.000 денари.Од К.Т. за за истакнување на фирма,односно назив на деловна просторија во 2020 година се оствариja вкупно 1.735.200 денари од планирани 6.500.000 денари како и 1.138.358 денари К.Т. за користење на улици со возила која се плаќа при регистрацијата на возилата.

Од издавање на дозволи-лиценци за вршење на угостителска дејност во ноќен бар во 2020 година се реализирани 0 денари од планираните 160.000 денари.

Неданочните приходи се остварени во вкупен износ од 10.201.572 денари а само во основниот буџет 5.948.177 денари, во кој износ учество имаат Административните такси за списи и дејствија кај Органите на локалната самоуправа 740.680 денари,од други локални такси 75.600 денари, На име останати неданочни приходи конто-725939 се остварени вкупно 497.988 денари .

Од наплатената премија за каско осигурување на возилата се остварени приходи во износ од 679.302 денари, додека од надоместокот за концесии за експлоатација на минерални суровини се остварени средства во износ од 45.959.982 денари.

Од трансфери и донации (месечна дотација на општината од ДДВ и тековни трансфери од други нивои на власт) , во основниот буџет на

општина Радовиш во текот на 2020 година се остварени вкупно 43.061.474 денари.

### 2.2 Расходи на општината

Остварените приходи во текот на 2020година се трошеа наменски односно за покривање на тековно -оперативните расходи настанати при вршењето на програмските активности содржани во дваесет и трите потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2020година.

Во билансот на расходите може да се види за кои намени се потрошени вкупно 411.008.586 денари во текот на цела 2020 година.

За плати наемнини и надоместоци се потрошени вкупно 241.844.074 денари односно 58.84% од вкупно извршените расходи во текот на 2020 година.Со овие средства се измирени: надоместоците према советниците на општината за извршување на нивните активности согласно Законот за локална самоуправа Сл.Весник на РМ бр.5/2002 година ,Статутот на општината и друга регулатива; платата и надоместоците на градоначалникот на општината и на општинската администрација и противпожарна единица за извршувањето на обврските кои се во нејзина надлежност ,заклучно со месец Ноември 2020 година. Исто така во 2020 година преку општинската сметка за наменски-блок дотации се вршени исплати на средства, наменети за плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации преку општинскиот буџет.

За стоки и услуги се извршени вкупно 55.190.986 денари или 13.43% од вкупно извршените расходи во текот на 2020 година. Со овој износ се покриени расходите за тековно оперативни потреби на советот на општината ,градоначалникот, општинската администрација, јавните установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита (детските градинки ) .Инаку во оваа категорија на расходи се содржани расходите за патни и дневни трошоци, за комунални услуги,за матерјали и ситен инвентар за тековно работење,за поправка и тековно одржување на деловни згради ,возила опрема и друго; за договорни услуги (банкарски,осигурителни здравствени ,договори на дело и за други тековни расходи во кои спаѓа членарината ,репрезентацијата и другите оперативни трошоци.

За субвенции и трансфери се потрошени вкупно 30.174.884 денари од кои дел 16.244.500 денари за трансфери до невладини организации (здруженија на граѓани,спортски клубови (преку потпрограми Г1,К4 и Л0) како и 13.580.384 денари за разни трансфери(плакање по судски решенија трансфери при пензионирање,обезбедување на објектите на локалните установи,трансфери до средно општинско училиште, основни општински училишта,градинка и други локални установи,цркви-манастири;физички и правни лица;награди и друго согласно донесени Одлуки од Совет на општината), како и 350.000 денари одобрени како субвенции до јавни претпријатија(спортско рекреативен центар „ 25 Мај„ .

За социјални помошти во текот на 2020 година се потрошени вкупно 589.000 денари.

За капитални расходи во 2020 година се извршени вкупно 78.679.757 денари или 19.14% од вкупните расходи и тоа за следните капитални потреби:

- за купување на опрема машини и мебел 3.867.677 денари за потребите на општинската администрација и набавки извршени од средства добиени од блок дотации и донации за локалните јавни установи

- за други градежни објекти 68.020.454 денари(извршени од основниот Буџет, согласно програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на локални патишта во општина Радовиш),Буџет на донации, и од самофинансирачки и Буџет на дотации и тоа: за подготовка на проекти ,за изградба на улици-патишта,за изградба на мултифункционални игралишта во повеќе основни училишта во наaселените места и во градот, за изградба на други објекти,за изградба на пречистителни станици и колектори ,за вложувања и нефинансиски средства (надомест за одземен имот ),купување на возило-4.106.400 денари.

ОПШТИНА РАДОВИШ